ООУ „МИРЧЕ АЦЕВ“-СКОПЈЕ

# КУЌЕН РЕД

1.Кодексот на задолжителните морални и професионални норми ги одредува правилата на нашето училиште и мора да го почитуваат учениците, вработените и родителите /старателите.
2.Главната врата за влез и излез ја користат вработените, родителите/старателите и странките. Влезот од главната врата за родителите/старателите и странките е ограничен само за итни случаеви и по претходно договорен термин за влез во училиштето.
3.Учениците за влез и излез користат 4 споредни влезови/излези на училишната зграда, а имаат должност да влегуваат и излегуваат од училиштето во определеното време на истакнатиот распоред за влез/излез.
4.Пред влезот на училиштето, на учениците и вработените им се мери телесна температура со безконтактен топломер и во случај на зголемена телесна температура (над 37.4°) не се дозволува нивно влегување во училиште, а вработениот и родителот/старателот на ученикот се упатуваат на консултација кај матичниот лекар за преземање соодветни здравствени мерки.
5.Учениците, вработените и странките при влегување и за време на престојот во училиште задолжително вршат дезинфекција на рацете и обувките, ја почитуваат мерката за минимум потребно растојание од најмалку 1,5 метар и носат заштитна маска/прекривка на лицето, освен кога престојуваат на отворено во училишниот двор со одржување на препорачаното растојание.
6.Наставата во училиштето се реализира во две смени според утврдениот протокол. Првата смена започнува во 7:30 часот, а втората смена во 12:00 часот.
7.За време на часовите и одморите учениците се под постојан надзор од наставникот кој се грижи за почитувањето на физичка дистанца меѓу учениците.
8.Употребата на тоалетите се организира на начин што ќе овозможи присуство на најмногу двајца ученици во исто време со запазено растојание. Останатите ученици чекаат надвор од тоалетот со одржување физичка дистанца додека излезе ученикот кој е внатре.
9.Учениците задолжително ги мијат рацете: пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање однадвор и кога рацете изгледаат валкани.
10.Учениците за време на големиот одмор  оброкот го јадат во училницата во која реализираат настава и само тогаш им е дозволено да ја отстранат маската/прекривката од лицето. Доколку временските услови дозволуваат, учениците можат да јадат во училишниот двор под контрола на наставникот.
11.Училниците задолжително се проветруваат после секој наставен час, најмалку половина час пред пристигнување и по заминување на учениците. Доколку временските услови дозволуваат, за време на наставата во училница се остава отворен прозорец.
12.Одговорни за училишниот инвентар се учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето.
13.Одговорни за фискултурната сала, соблекувалните и просторот пред салата се дежурните ученици и наставниците по физичко и здравствено образование.
14.Влегувањето и излегувањето од училниците се врши во присуство на наставник, по утврдениот протокол и со одржување безбедно растојание од најмалку 1,5 метар.
15.Во училишниот двор се забранува групирање на повеќе лица.
16.Учениците треба своите лични работи да ги остават во училницата или да ги носат со себе и тие се одговорни за истите.
17.Секоја намерно направена штета се наплатува од сторителот.\
18.   Строго се забранува шарање по ѕидовите во било кој дел од училиштето.
19.Никој од субјектите во училиштето не смее да го уништува имотот на училиштето, да внесува лица од надвор без причина и да внесува супстанции (дрога, алкохол, запаливи средства и други предмети) со коишто би го загрозил здравјето и безбедноста на учениците.
20. Забрането е пушење цигари во училишната зграда.
21.За безбедноста во училиштето одговорни се дежурните наставници, чуварот и техничкиот персонал.
22.Дежурните наставници редовно го извршуваат дежурството во ходниците, според распоредот за дежурство.
23. За замена на часови, наставникот треба навреме да го извести директорот.
24.Секој вработен е должен за своето отсуство да го извести директорот.
25.Промена на дневниот распоред на часови заради отсуство на наставник организира директорот и стручната служба.
26.Наставничката канцеларија ја користат само наставниците, стручните соработници и директорот, а не родителите и учениците.
27.Родителите/старателите може да имаат прием кај наставниците, стручната служба и директорот само по претходна најава преку телефон и во договорен термин за разговор.
28.Не е дозволено наставниците да излегуваат од наставен час и да разговараат со родители.
29.Наставниците треба да ги известат родителите за термините за одржување на додатна настава, дополнителна настава и слободни ученички активности.
30.Вработените, учениците и родителите/старателите треба да доаѓаат пристојно облечени во училиштето.
31.Отпадоците не смее да се фрлаат на друго место освен во корпите за отпадоци.
32.Тоалетите, холовите, скалите и останатите заеднички простории се чистат почесто во текот на денот, додека учениците се на настава и по завршувањето на сите училишни активности.
33.По завршување на последниот час, учениците пристојно и по протокол излегуваат од училишната зграда.
34.Училниците задолжително се дезинфицираат по завршувањето на последните часови во смената.

Директор
Ѓурѓица Баталакова